Коста КОСТОВ

# НЕКОИ АСПЕКТИ НА МАРКСОВИОТ ХУМАНИЗАМ

„Ништо човечко не ми е туѓо"
Маркс

Денес кога ја одбележуваме стогодишнината од смртта на големиот мислител, револуционер и хуманист Карл Маркс не можеме, а да не ја истакнеме неговата посебна грижа за човекот што ја изрази многу едноставно одговарајќи на прашањето на неговата ќерка за најомилена максима. Марксовиот одговор гласеше: „Ништо човечко не ми е туѓо." Човекот и воопшто хуманистичката проблематика зазема значајно, да не речеме централно место во Марксовото грандиозно дело. Слободно може да се рече дека целокупната научна и револуционерна дејност на Маркс била насочена кон откривањето на суштинските причини на човековата неправда низ долгата историја.

Маркс своите размислувања за човекот не ги изложил систематски и на едно место, зашто, тој, систематски не ги изложи и своите филозофски погледи ако се има предвид начинот на излагањето на филозофските мисли пред него. Овој факт, меѓутоа, има суштинско значење за Марксовата определба против сфаќањето на традиционалната граѓанска филозофија проблемите и погледите за човекот и воопшто за антропологијата да се изнесуваат одделно од останатите филозофски прашања, а особено од филозофијата на историјата. Од друга страна Маркс бил и против затворените филозофски системи кои на определен начин ја ограничуваат можноста за револуционерните промени.

Марксовото сфаќање за човекот е присутно во сите негови дела, така што и таму каде што, тој, директно не пишува за човекот, всушност, индиректно за него се однесува, зашто целокупната Марксова дејност е посветена на човекот, на неговото ослободување и на создавањето на едно хумано опш-

тество — заедница на слободни луѓе во која „слободниот развиток на секој поединец е услов за слободен развој на сите."[1]) Сите Марксови дела преставуваат своевидна програма за хуманизација на човекот.

Барајќи одговор за суштината на човекот и за филозофската антропологија Маркс ги започнал своите истражувања кои траеле до крајот на целиот живот. Токму поради тоа може да се рече дека почнувајќи од моментот кога ја пишувал својата матурска тема под наслов: „Размислувањето на младиот при изборот на професијата", преку неговото пишување во дневниот печат ставајќи се на страната на обесправениот обичен човек, на „Раните трудови" во кои го рагледува отуѓувањето на човекот, „Манифестот на комунистичката партија" во кое заедно со Енгелс ја определуваат револуционерната стратегија на борбата на работничката класа, па сè до „Капиталот" — негово најзначајно дело, сè е во служба на човекот или поточно речено во служба на човештвото. Во оваа смисла може да се рече дека во секое негово дело присутна е хуманистичката проблематика, присутна е неизмерлива грижа за човекот и страствено ја насочува неговата револуционерна борба за ослободување. За Маркс „човекот е највисоко суштество за човекот".

Маркс во иследувањето на проблемите на човекот на некој начин ги започнал со критичкото разгледување на погледите на неговите претходници особено на Хегел и Фоербах, но, тој, не беше задоволен со постојните одговори и продолжил со критичкото преиспитување на дотогашните сознанија за филозофската антропологија.

Придонесот на Маркс во оваа област се состои во тоа што неговата антропологија и неговото сфаќање на историјата се неразделни. Постои суштинско единство меѓу антропологијата и историјата. Тоа единство се состои во тоа што човекот, произведувајќи, ја создава историјата. Човековата природа се менува историски. Надвор од човековата дејност нема историја. „Со човекот стапуваме во историјата." Поимот човек во Марксовата антрополошка опсервација добил нова димензија. Тоа е историската димензија со која се покажа дека човекот е суштество на практиката, кој историски се произведува самиот себе. Тоа е смислата на Марксовите зборови дека човекот е производ на историјата, а не нејзина појдовна точка. И тоа му дало нова смисла на поимот човечност, хуманост и хуманизмот како предмет на филозофската антропологија како посебна дисциплина.

Разгледувајќи го Марксовиот хуманизам треба да истакнеме дека човекот за него е активен субјект. Тој ја прави са-

---

[1]) Маркс—Енгелс, Манифест на Комунистичката партија, НИО „Студентски збор", Скопје 1973, 46.

мата своја животна дејност предмет на своето сакање и својата свест. Тој има своја свесна животна дејност. Свесната животна дејност го разликува човекот непосредно од животинската животна дејност. Човекот создава и според законите на убавото. Со тоа човекот вистински се потврдува како генерички суштество. Според Маркс во обработката на предметниот свет се изразува човековата суштина. Производството е неговиот генерички живот. Низ него природата се јавува како негово дело и негова реалност. Низ процесот на трудот се врши опредметување на човековиот генерички живот, бидејќи тој не се удвостручува само интелектуално, како во свеста, туку дејствува, создава, со еден збор тој твори универзално и поради тоа себе си се разгледува во светот кој сам си го создал.[2])

Од сево ова се гледа дека генеричката суштина на човекот, она суштинското што него, пред сѐ, го издвоило од царството на животните и му овозможило да се развива како нешто посебно претставува трудот како свесна и слободна дејност насочена кон менување како на надворешниот свет така и на самиот човек. Човекот е суштество на практиката.

Сите човекови суштински особини се манифестираат во неговата практична дејност со која врши хуманизација на природата и на самиот себе како и својата натурализација — тој сѐ подлабоко продира во природата и нејзините закони, создава цивилизација и култура, а со тоа и самиот себе. Во тој процес настојува да го реши антагонизмот меѓу хуманизацијата и дехуманизацијата — опредметувањето и отуѓувањето, егоизмот и алтруизмот итн.

Марксовиот концепт за хуманизацијата треба да се разгледува во контекстот на неговите основни определби за ослободувањето на работничката класа, а со тоа и за ослободувањето на целото човештво. Разгледувајќи ја положбата на работничката класа во рамките на определени општествено-историски услови, Маркс се залага за остварувањето на конкретен хуманизам. Во оваа смисла хуманизацијата — човековата слобода се сфаќа како практичен револуционерен чин. Марксовиот хуманизам е конкретен токму затоа што човековото ослободување е поврзано со револуционерната борба на работничката класа. Марксовиот хуманизам е конкретен и затоа што тргнува од трудот како фактор за опстанокот и развојот на човекот. Марксовиот хуманизам како цивилизациски идеал во извесна смисла настанал во борбата против апстракт-

---

[2]) Види Маркс—Енгелс, Од раните трудови, „Култура" 1961, Скопје, 274.

ниот хуманизам. Во оваа смисла Маркс пишуваше: „Реалниот хуманизам во Германија нема поопасен непријател од спиритуализмот, или, спекулативниот идеализам, кој наместо вистинскиот индивидуален човек ја става самосвеста или духот."[3])

Сфаќајќи го човекот како практично дејствено суштество во постојан однос со природата и другите луѓе не само што го разрешува проблемот на човековото ослободување, туку на тој начин поставува основа за една нова филозофска антропологија и воопшто нова филозофија која раскинува со традиционалната граѓанска филозофија. Ова посебно доаѓа до израз во тезите за Фоербах.

„Становиштето на стариот материјализам е граѓанското општество, становиштето на оној новиот е човечкото општество или поопштествениот човек."[4])

Прашањето за хуманизацијата на човекот Маркс секогаш го става во контекст на конкретните животни услови, бидејќи во нив се наоѓа и изворот на сите човекови неправди во текот на долгата историја на неговиот развој. Хуманизацијата на човекот Маркс ја поврзува со неговото практично ангажирање во менувањето на општествените односи. Во оваа смисла човекот за Маркс е дејствено суштество а не самосвест. Во врска со ова становиште Маркс критички се осврнува на Хегеловото учење во Економско-филозофските ракописи и при тоа забележува: „... Како што атеизмот, како укинување на бога означува настанување на теорискиот хуманизам, а комунизмот, како укинување на приватната сопственост, означува барање на стварно човечки живот како неотуѓива сопственост на човекот, означува настанување на практичниот хуманизам; со други зборови, атеизмот е хуманизам, посредуван со самиот себе преку укинувањето на религијата, а комунизмот — хуманизам посредува со самиот себе преку укинувањето на приватната сопственост. Само преку укинувањето на тоа посредување, — коешто, меѓутоа, е нужна претпоставка, — настанува *позитивен* хуманизам, којшто позитивно започнува од самиот себе."[5])

„Но, додава понатаму Маркс, атеизмот, комунизмот воопшто не се бегство, не се апстракција, не се загуба на породениот од човекот предметен свет, не се загуба на суштинските сили на човекот, што примиле предметна форма, не се сиромашност, вратена кон противприродната, неразвиена едноставност, тие се напротив, први вистинско настанување, за човекот вистинско настанато остварување на неговата суштина, остварување на неговата суштина како нешто стварно."[6])

---

[3]) Маркс—Енгелс, Света породица, „Култура" 1964, Београд, 3.
[4]) Маркс—Енгелс, Тези за Фоербах, „Култура" 1975, Скопје, 10.
[5]) Маркс-Енгелс, Од раните трудови, 373—374.
[6]) Истото, 374.

Марксовиот хуманизам е конкретен затоа што се разликува од сфаќањата на сите претходни филозофи со тоа што укажува на историскиот факт дека задачата за укинувањето на отуѓувањето и остварувањето на вистинската хуманизација на човештвото му припаѓа пред сѐ, на револуционерната борба на работничката класа. Марксовото сфаќање на хуманизмот се однесува на конкретниот човек и се остварува низ револуцијата како начин на остварувањето на очвековата слобода. Маркс сметаше дека „радикалната револуција може да биде само револуција на радикални потреби",[7]) а потребата за слобода е основната потреба на работничката класа и човештвото во целина. Но, Маркс сметаше дека работничката класа ќе може да се ослободи себе си само ако обезбеди слобода за целото општество. Маркс мошне јасно ја согледал историската улога на работничката класа. Тој беше категоричен во својот став дека „ниедна класа на граѓанското општество не може да ја игра таа улога, без да го возбуди за миг ентузијазмот во себе и во масите."[8]) Единствено работничката класа можеше да ја преземе врз себе одговорноста за ослободувањето на човекот од отуѓената положба во граѓанското општество. Работничката класа можеше тоа да го направи затоа што се „збратимува и се слева со целото општество"[9]) и станува преставник на сите прогресивни луѓе не само во едно општество, туку на целото човештво. Во оваа смисла Маркс и посебно ја нагласува револуционерната улога на работничката класа за ослободувањето на човекот и менувањето на општеството во однос на сите граѓански класи, истакнувајќи дека ниту една класа ја нема онаа „духовна широчина што се идентификува, барем само за миг, со душата на народот, онаа вдахновеност што материјалната сила ја воодушевува за политичко насилство, онаа револуционерна храброст што во лицето на противникот му го фрла дрското предизвикување: *јас сум ништо, но јас морам да бидам сѐ.*"[10]) Таа револуционерна храброст ја имаше работничката класа, зашто немаше што да изгуби, а можеше да го добие целиот свет.[11])

Марксовиот хуманиазм има универзално, би рекле, цивилизациско значење бидејќи, ослободувањето на поединецот и работничката класа го сфаќаше како еманципација на целото човештво. Во оваа смисла Маркс пишуваше: „Единственото *практинчо* можно ослободување на Германија е ослободувањето од позициите на онаа теорија што за повисока суштина на

---

7) Истото, 112.
8) Истото, 114.
9) Истото.
10) Истото, 115.
11) „Ним не може да им се одземе она што го немаат". (Маркс-Енгелс, Комунистички манифест, 41).

човекот го прогласува самиот ... *Никакво* ропство не може да биде уништено во Германија без да биде уништено *секакво* ропство. Темелна Германија не може да изврши револуција без да ја започне револуцијата *од самиот темел. Еманципацијата на Германецот е еманципација на човекот*."[12])

Од ова се гледа дека Марксовиот хуманизам треба да се сфати како повик за ослободување на човештвото, бидејќи ниту еден народ не може да биде слободен доколку ја ограничува слободата на друг народ. Работничката класа ,исто така, своето ослободување го поврзува со ослободувањето на сите народи во едно општество, затоа што работничката класа не може да се ослободи, а при тоа да не ги укине условите што ја прават неа тоа што е. Таа не може ни самата да се ослободи, а да не ги укине условите на својата сопствена егзистенција во класното општество. Од друга страна, пак, Маркс истакнуваше дека работничката класа не може да ги укине своите сопствени услови, а да не ги укине сите нечовечки животни услови на класното општество. Во оваа смисла еманципацијата на работничката класа одговара на еманципацијата на целото општество. Ова марксистичко становиште заслужува да се разгледува од аспект на нашата современост, бидејќи во современиот свет настанале радикални промени.

Марксовата концепција на хуманизмот се засновува на неговата критика на отуѓувањето на човекот и воспоставување на нови општествено-економски односи во кои човекот ќе престане да биде отуѓено, обесправено суштество, а сè повеќе ќе ги развива сестрно своите способности, ќе настане вистинска хуманизација и вистинско човекување на човекот. Маркс сметаше дека хуманизацијата на човекот ќе може да се оствари со укинувањето на приватната сопственост, затоа, тој, во својата теорија за комунизмот укажува дека тоа е таква состојба на општеството во која се укинува основната причина која доведе до отуѓување на човекот — приватната сопственост на средствата за производство. Во комунизмот, според Маркс, се создаваат услови за полно и сестрано афирмирање на сите човекови способности и за потврдување на човекот како генеричко суштество, кое е „целокупност од општествени односи."

При разгледувањето на Марксовиот хуманизам е мошне значајно да се актуализираат, а и да се осмислуваат од становиштето на нашата современост две Марксови сфаќања за хуманизмот: едното изнесено во „Раните трудови", а второто во третиот том на „Капиталот".

Во „Раните трудови" Маркс пишува: „*Комунизмот* како *позитивно* укинување на *приватната сопственост* — тоа *самоотуѓување на човекот* — поради тоа како вистинско *присвојување на човечката* суштина од човекот и за човекот; а затоа

---

[12]) Маркс-Енгелс, Од раните трудови, 118—119.

како полно, на свесен начини со зачувување на сето богатство од достигнатиот развиток настанато враќање на човекот кон самиот себе како човек *општествен,* т.е, човечен. Таквиот комунизам е како довршен натурализам = хуманизам, а како завршен хуманизам = натурализам; тој е *вистинско* решение на противречноста меѓу човекот и природата, човекот и човекот, вистинско решение на спорот меѓу постоењето и суштината, меѓу опредметувањето и самопотврдувањето, меѓу слободата и нужноста, меѓу индивидуата и родот. Тој е решение на загатката на историјата и тој знае дека тој е тоа решение".[13])

На овој проблем Маркс се задржува и во третиот том на „Капиталот" каде го истакнува следното: „Царството на слободата всушност започнува дури таму, каде што престанува трудот кој е определен од неволјата и надворешната целесообразност; значи по самата природа на работата тоа лежи од онаа страна на сферата од вистинското материјално производство. Како што дивјакот мора да се бори со природата, за да ги задоволи своите потреби, за да го одржи својот живот и да препроизведува, така тоа мора да го прави и цивилизираниот човек, и тој тоа мора да го прави во сите општествени форми и под сите можни начини на производството. Со неговиот развиток се проширува и царството на природната нужност, зашто се зголемуваат и потребите; но едновремено се прошируваат и производните сили, кои ги задоволуваат овие потреби. Слободата во оваа област може да се состои само во тоа, што поопштествениот човек, здружените производители, рационално да ја регулираат неговата размена на материја со природата, да ја доведат под своја заедничка контрола, наместо тоа нив да ги владее како некоја слепа сила; да ја вршат неа со најмалку трошење сила и под достојни и адекватни услови на природата од човекот. Но тоа секогаш си останува царство на нужноста. Но оданде од него почнува развитокот на човековата сила, која се појавува како самоцел, но кое може да се расцвета само врз она царство на нужноста како негова основа. Скусувањето на работниот ден е основниот услов".[14])

Во овие Марксови ставови е содржана цела една далековидна програма за хуманизација на човекот. Маркс, имено, укажува дека вистинската хуманизација на човекот ќе може да се постигнува со менувањето на условите во кои се обавува процесот на трудот, да се надминува отуѓувањето во својата најизразита форма — во формата на наемен труд, да се претвори трудот во слободна творечка дејност на слободниот човек, да се скрати нужното работно време и да се зголеми слободното време за да може човекот надвор од сферата на материјалното производство да обавува работа како самодеј-

13) Истото, 307.
14) Маркс, Капитал, том 3, „Мисла" 1976, Скопје, 774.

ност, како начин на неговото самопотврдување. Но, се поставува прашањето: дали е тоа можно и што всушност значи работно и слободно време? Дали е можна таква поделба кај самиот Маркс? Се чини дека некои мислители не ја сфатиле суштината на Марксовото учење во врска со споменатите прашања.

Ако внимателно се чита Маркс може да се констатира дека тој не веруваше оти може да се оствари општество, во кое нем да се работи. Маркс не гледаше на трудот како проклетство, а на ,,мирувањето“ како адекватна состојба со „слободата” и „среќата” како во библиската легенда.[15]) Напротив Маркс сметаше дека индивидуата „во нормална состојба на своето здравје, сила, дејност знаење, вештина”, има потреба „за нормален оброк на трудот и престанување на мирувањето.“[16]) Во оваа смисла Маркс го критикуваше Смит дека не го сфаќа овој процес, имено, процесот на трудот, дека постигнувањето на определена цел е поврзано со определени пречки, а совладувањето на тие пречки со трудот мора да се направи. Понатаму Маркс, исто така, го критикуваше Смит, поради тоа што, тој, не сфаќаше дека „тоа совладување на пречките само по себе е дејствено потврдување на слободата — и дека понатаму, надворешните цели се ослободиле од привидот на вистинската надворешна природна нужност и дека се поставуваат како цел која ја поставува дури самата индивидуа — значи како самопотврдување, опредметување на субјектот, значи реална слобода, чие дејствување е всушност трудот”.[17])

Очигледно е дека Маркс реализацијата на човековата слобода ја бара низ процесот на трудот, иако тој низ своите историски облици (робовски, кметовски наемен труд) се јавува како *надворешен принуден труд*, а наспроти него неработата се јавува како „слобода” и „среќа”. Во оваа смисла Маркс сметаше дека тоа вреди двојно: за тој антагонистички труд; и во врска со тоа за трудот кој на себе не си создал субјективни и објективни услови за да би бил *„трудот привлечен труд*, самопотврдување на индивидуата, што никако не значи дека тој е обична шега, вистинска *забава*, *разонода*, како што тоа патем го замислуваше Фурие. Навистина слободен труд, на пример компонирањето, во исто време е всушност ѓаволски сериозна работа, најинтензивен труд”.[18])

Со овој пример Маркс длабоко аналитички и аргументирано укажуваше дека нема состојба или област каде што може нешто да се постигне без да се вложи труд. Меѓутоа, се ра-

---

[15]) За ова повеќе види: Marks, Temelji slobode (Osnovi kritike politike ekonomije), „Naprijed” 1974, Zagreb, 265.

[16]) Истото.

[17]) Истото, 266.

[18]) Истото.

боти за тоа трудот во материјалното производство да добие карактер на творечка дејност, труд кој е без принуда. Маркс сметаше дка трудот во материјалното производство може да го добие тој карактер само со тоа: прво, да се постави неговиот општествен карактер, второ да биде од научен карактер, во истовреме општ труд, не напор на човекот како на определен начин дресирана природна сила, туку како субјект во кој процесот на трудот не се јавува само во природна, само од себе изникната форма, туку како дејност која управува со сите природни сили.[19])

За Маркс човекот е суштество на пактиката и низ трудот ја гледа неговата афирмација и ослободување. Треба да се има предвид фактот дека таму каде што тој зборува за работно и слободно време, всушност повеќе се однесува на капиталистичкиот начин на производство каде сè е подредено на капиталот и вишокот на вредност. Во такви услови Маркс зборува за слободно време, кое ќе придонесува за целосен, сестран развиток на поединецот, бидејќи во процесот на наемниот труд тој не може да се самопотврдува и човечки да се однесува.

Сепак, и покрај тоа што постојат различни мислења, со полно право може да се тврди дека Маркс всушност е за единство на трудот и слободното време. Тој е за укинување на спротивноста меѓу работното и слободното време. Во прилог на ова ќе ги наведеме следните Марксови зборови: „Впрочем, дека само непосредното работно време не може да остане во апстрактна спротивност спрема слободното — како што тоа се појавува од становиштето на граѓанската економија — се разбира само по себе. Трудот не може да стане игра...”[20]) Трудот не може да биде игра, тој може да биде извор на задоволство и услов за човечко живеење, за остварувањето на неговата човечност. Остварувањето на човековата слобода може целосно да се оствари само ако се создадат услови подеднакво да се човекува и во работното и во слободното време.

Оттука сосема е разбирливо дека Маркс хуманизацијата на човекот, неговиот сестран развој не ја бара само во сферата на слободното време, туку низ целокупното негово време. Според тоа, не некое посебно слободно време, туку целото време треба да биде предмет на внимание и искористено за ослободување на човекот, за неговото очовечување. Укинувањето на наемниот труд се јавува како основна претпоставка за надминувањето на противречноста меѓу работното и слободното време, како услов да се оствари единствено и интегрално човеково време, во кое човекот ќе може да ги оствари сите негови потенции низ една практично-творечка дејност.

---

[20]) Истото, 301.
[19]) Истото.

Тоа значи дека „кога работата ќе стане не само средство за живот, туку и вистинска животна потреба",[21]) ќе се надмине поделбата на работно и слободно време. Во иднината што доаѓа може да се очекува дека ќе се хуманизираат условите за работа до таков степен што човекот подеднакво ќе може да ја афирмира својата личност неограничено и во сите области. Човекот може да остане човек само ако знае да го употреби времето со кое располага за творечка дејност, а не за физичка и интелектуална мрзеливост.

Врз основа на сето досега речено може да се заклучи дека според Маркс слободата на човекот и неговата хуманизација може целосно да се оствари со воспоставувањето на асоцијацијата на непосредните производители — „слободно здружени индивидуи" т.е. работничката класа да ги стави под своја контрола како условите на својата егзистенција, така и условите за егзистенција на сите членови на општеството. Значи остварувањето на својата хуманистичка визија Маркс ја гледаше во афирмацијата на самоуправувањето во практиката како доминантен општествен однос. Социјалистичкото самоуправување како оштествен однос преставува значаен фактор на хуманизацијата на човекот. Со доследното остварување на самоуправувањето во сите сфери на општественото живеење се создаваат објективни можности за сестран развој на личноста.

Kosta KOSTOV

## MARX'S HUMANISM

### Summary

Marx did not systematically set out his own vies of man since he did not even systematically set out his philosophical ideas. This fact, however, is of major importance for Marx's criticism of the ideas of traditional bourqeois philosophy, which separated anthropological problems from philosophical problems and, in particular, from domain of the philosophy of history. On the other hand, Marx was also against the closed philosophical systems which limited the possibilities for social changes and development.

The whole of Marx's activity was dedicated to man, his liberation and the creation of a human society — a community of free men whereby „the free development of every individual is a condition for the free development of every one". All Marx's works are a kind of programme for the humanisation of man Marx's works are an appeal for humanism.

[21]) К. Маркс, Критика на Готската програма, „Култура" 1950, Београд, 23.

In Marx's concept of humanism there exists an essential unity between anthropology and history. That unity is reflected in the farct that in the process of one's production, one creates history. Man's nature changes historically. There lies no history outside the activity carried out by man. The concept of man in Marx's anthropological observation acquires a new dimension i.e. the historical dimension, that man is a practical being who historically produces himself. Man's roots lies in man himself. Marx's humanism should be examined in the context of his ideas for the liberation of the working class i.e. the liberation of the whole mankind. When examining the position of the working class within the framework of various socio-historical conditions, Marx wanted the concrete realisation of humanism. In this sense, the humanisation-man's freedom is a practical, revolutionary act. Marx's humanism is concrete because man's liberation is related to the revolutionary struggle of the working class. It is also concrete as it commences from labour itself as a factor for the survival and development of man. Marx's humanism, as an ideal of civilisation, originated from the struggle against the abstract humanism.

By considering the individual as a practical being living in a permanent relations with nature and with other individuals Marx not only solved the problem of man's liberation but he also set out the basis of a new philosophical anthropology and a new philosophy which overcomes the traditional bourgeois philosophy.

Marx's humanism is concrete because it differes from all other previous ideas. It indicates the historical fact that the task of overcoming alienation and the realisation of a true humaisation of man should be the task of the revolutionary struggle of the working class. Marx's humanism refers to a concrete individual and its realisation is effected through the form of revolution of man's freedom. Marx believed that „a radical revolution could only be the revolution of radical needs" and the need for freedom is the basic need of the working class and of every individual.